# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.215 од 07.12.2015 година**

### Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15 и 104/15), во членот 39 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Концедентот односно јавниот партнер шест месеци пред истекот на тековната концесија или јавно приватно партнерство ја започнува постапката за доделување на нова концесија на добра од општ интерес, односно нов договор за воспоставување на јавно приватно партнерство.‟

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.